РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-540/4
26-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по добиено Барање на мислење од ООУ „Гоце Делчев" Кавадарци, на 46та седница одржана на ден 12.02.2021 година донесе

**О д л у к а**

Предметот оформен врз основа на доставено Барање на мислење од ООУ „Гоце Делчев" Кавадарци со бр. 09-3524/1 од 12.07.2019 година за тоа дали постои состојба на судир на итереси затоа што членот на Училишен одбор ------ ---------- е сопруг на --------- ---------- вработена во училиштето со договор на определено време **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата издаде Мислење врз основа на поднесеното Барање и утврди дека во конкретниот случај --------- --------- кој бил именуван за член на училишен одбор и сопруг на ---------- ----------, вработена во училиштето со договор на определено време. Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите не смее да ја врши функцијата член на училишен одбор, поради што му укажа на ООУ„------- -------" ---------- дека е неопходно да се преземат чекори во насока на отстранување на судирот на интересите во рок од 15 дена од приемот на дописот и до Државната комисија да се достави доказ за постапувањето или постапувањето на ---------- ----------- (негово откажување од функцијата член на Училишен одбор).

До Државната комисија беше доставено Решение за разрешување на ---------- ---------- од член на училишен одбор, а со тоа беше постигнат ефектот од постапувањето на Државната комисија.

Предметот со број 09-3524/1 од 12.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-3524/1 од 12.07.2019 година е оформен врз основа на доставено Барање на мислење од ООУ „---- -------" --------- со бр. 09-3524/1 од 12.07.2019 година за тоа дали постои состојба на судир на интереси затоа што членот на Училишен одбор -------- ------- е сопруг на -------- --------- вработена во училиштето со договор на определено.

До Државната комисија за спречување на корупцијата, ООУ „----- ------" ------- достави Барање на мислење во кое се укажува дека на ден 10.07.2019 година, било примено Решение од Совет на општина --------- за разрешување и именување на претставници на Општина --------- за членови во Училишниот одбор на ООУ „----- ---------" --------. За претставници на општина ------- во училишен одбор на ООУ „----- -----" -------- се именувани лицата лицата: ------- --------- и -------- ---------- за мандат од три години.
Членот на училишниот одбор ------ ----------- е и сопруг на ------- ---------, која подолго време била вработена во училиштето како наставник по македонски јазик со договор на определено време.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија го разгледа Барањето на мислење доставено од ООУ „----- -----“ --------- и согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите констатира постоење на судир на интереси, по што укажа на неопходноста да се преземат чекори во насока на отстранување на настанатата состојба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на дописот, а воедно во прилог да се достави и доказ за постапувањето или постапувањето на лицето ------- -------- (негово откажување од функцијата член на училишен одбор).

Исто така, Државната комисија укажа дека согласно член 96 став 1, а во врска со член 126 став 1 алинеја 11 од Законот за основното образование, Бирото, Советот на родители или Државниот просветен инспекторат може да покренат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на способноста на наставниците за реализација на работните обврски, кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, по што училишниот одбор може да поднесе предлог до директорот за престанок на работниот однос на наставниците.

Од друга страна, согласно член 46 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите „Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.“
Лицето, -------- -------- како член на Училишниот одбор на ООУ „------ ------“ ----------, не може да врши супервизорски или контролен надзор врз работата на лицето ------- --------, вработена во истото училиште и негова сопруга.

Поради тоа што ООУ „----- -----“ --------- во законски утврдениот рок не достави одговор на мислењето на Државната комисија, односно не презеде дејствија во насока на отстранување на констатираната состојба на судир на интереси, Државната комисија достави Ургенција со број 09-540/2 од 14.09.2020 година, со кое уште еднаш се укажа на потребата на преземање на дејствија во насока на отстранување на состојбата на судир на интереси.

По доставената ургенција, до Државната комисија беше доставен Одговор на ургенција со број 09-540/2 од 08.10.2020 година, односно Одлука од Советот на општина ---------- за престанок на мандатот на членот на Училишен одбор -------- --------- и истата како доказ е доставена во прилог на Одговорот.

По повторно разгледување на сите списи во предметот оформен врз основа на добиено мислење, Државната комисија констатира дека со преземените дејствија од страна на Советот на општина ----------, односно со тоа што била донесена Одлука за престанок на мандатот на --------- --------- за член на училишен одбор во ООУ „------ ------“ ----------, преземени се дејствија со кои е отстранет судирот на интересите, а со тоа постигнат е ефектот од постапувањето на Државната комисија, поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК